# КАДЕ Е БОГ
## *кога страдам?*



Денот почнува како и секој друг. Петчлено семејство патува со автомобил. Одненадеж доаѓа до судир. Метал, пластика и расфрлени тела. Тројца се мртви, а двајца тешко повредени. Меѓутоа, пијаниот возач на камионот, кој итал со голема брзина и удрил во нив, поминал само со модринки. **Зошто?**

Моќен диктатор добива контрола над цел народ, и милиони страдаат поради неговата злоупотреба на положбата. **Зошто?**

Докторот вели: „Имам лоша вест“, а потоа тажно објаснува дека имате рак. **Зошто?**

Вакви стории се случуваат секојдневно. Понекогаш ги слушаме само за време на вечерните вести, а понекогаш таа приказна е само наша. Кога закрепнуваме од шокот, не можеме а да не го поставиме најприродното прашање на светот: **Ако Бог е семоќен и добар, тогаш зошто страдаме?** Тешко е да замислиме поголемо и поважно прашање. Факт е дека, порано или подоцна, сите си го поставуваме.

Излегува дека немаме премногу одговори на располагање. Размислете за тоа. Првата наша мисла е дека, ако Бог сака да спречи да се случуваат лошите работи, а не може, тогаш Тој не е семоќен

Бог. Втората е дека, ако е Бог во состојба да спречи да се случуваат лошите работи, а не сака, тогаш Тој не е добар. Постои и трета опција: Бог и може и сака да го стори тоа, но Бог е љубов, и во тој случај постои линија која дури и семоќниот Бог нема да ја помине, а таа линија е нашата слободна волја.

Библијата упатува на оваа трета опција, а тешко е да се замисли подобар или поутешен одговор. Накратко, човечката приказна опишана во Библијата оди вака:

1. „Бог е љубов" (1. Јованово 4,16). Ова е основната, фундаментална вистина за тоа кој е Бог.

2. „Бог го создал човекот според својот лик" (1. Мојсеева 1,27). Тој ги создал луѓето со способност да сакаат, како што и Бог сака.

3. Создадени сме со слободна волја и со можност да сакаме; меѓутоа, човештвото „згрешило и паднало", а славната морална позиција ја сменила својата првобитна состојба (Римјаните 3,23).

4. Постои и добра вест: Бог работи на неверојатен план на спасение со кој секој поединец, кој сака, може да биде спасен благодарение на благодатта преку верата (Ефесјаните 2,8), не со наметната сила на моќта, туку со силата на Божјата љубов која менува. Љубовта е единствениот начин на кој Бог може да го уништи злото и страдањето, додека едновремено ја чува нашата слободна волја, а со неа и нашата способност да сакаме.

## Дали е тоа ПРАВЕДНО?

Краткиот одговор на тоа зошто страдаме гласи дека ние и другите човечки суштества, во минатото и сегашноста, сме го бирале злото, а страдањето е само резултат на тој избор. Тоа не изгледа праведно. Тоа не е дури ни разумно. Но гревот, по дефиниција, е неправеден, неправичен и повредува. Тоа е навистина сурово. Но, една работа не е – Божјата волја. Бог не сака да страдаме. Но, Тој исто така не сака од нас да направи робови и роботи. Да бидеш човек значи да бидеш слободен, а да бидеш слободен значи да имаш можност да го избереш она што е добро или зло со своите последици.

Вистина е дека љубовта не може да постои без слободна волја, а слободната волја, според самата своја природа, доведува до можноста да правиме лоши избори. Кога би рекле вака - ако е Бог добар, тогаш никогаш не би дозволил некој да направи нешто што му донесува болка лично нему или на другите, тоа секако нема логична смисла. Напротив, случајот е спротивен: токму затоа што Бог е добар, Тој мора да ни даде можност на избор, и за добро и за лошо, така што ние ги носиме последиците од секоја наша одлука. Бог сака ние секогаш да го избереме доброто, но Тој нема да нѐ натера на тоа. Бог не го сака злото или болката. Страдањето е последица на човечките одлуки, а не на Божјите. И тоа е вистинска реалност за слободата. Сепак, Бог е толку добар што не може да остане изолиран од нашето страдање. Според Библијата, Тој „сочувствува со нашите слабости“ (Евреите 4,15). Зборувајќи за односот на Бога кон човечката болка, пророкот Исаија рекол, „во секоја нивна тага Тој беше тажен“ (Исаија 63,9).

Бог толку многу го сака секој поединец што Исус рекол дека, сѐ што правиме еден на друг, му правиме всушност Нему (Матеј 25,41-45). Сето стра-

дање го допира Бога. Тој е свесен за секоја наша солза и тага.

Царот Давид го опеал длабокото Божјо сочувство: „Ти ги изброи дните на моите скитања, ги собра моите солзи во Твојот сад; не е ли запишано сè во Твојата книга?“ (Псалм 56,8). Љубовта е таква. Таа страда со оние кои страдаат.

## Бог ја чувствува НАШАТА БОЛКА

Еве каде приказната станува уште поневеројатна. Не само што Бог ја чувствува нашата болка во срцето туку Тој буквално навлегол во нашата болка за да ни овозможи да побегнеме од неа. Исус Христос дошол да „...ја вкуси смртта за сите“ ( Евреите 2,9). „А Тој ги понесе нашите болести, ги зеде врз себе нашите болки, додека ние сметавме дека Бог го бие и го понижува.За нашите престапи беше прободен, сотрен, за нашите беззаконија. Казната за нашиот мир падна врз него, преку неговите рани ние се исцеливме. Сите скитавме како овци, и секој одеше по својот пат. А Господ ги возложи на него беззаконијата на сите нас“ (Исаија 53,4-6). Најголем доказ дека Бог толку многу нè сака е што Тој, во нашата болка, е со нас. Тој не нè остава да страдаме сами.

Бог, кого Библијата го открива, е толку неверојатен Бог, што дошол на нашиот свет и доброволно го искусил нашето страдање.

Што и да ни се случи во текот на нашето животно патување, постојат две непроменливи вистини во кои можеме да бидеме сигурни: првата е - Бог е љубов и Тој нè сака; и втората – Бог на крај ќе ги исправи сите неправди и ќе ги исцели раните што ни ги задал овој свет. Кога Исус страдал и умрел на крстот, Тој докажал дека Бог го сака паднатото човештво, кое страда, повеќе од сопствениот живот и Тој овозможил и обезбедил сите кои веруваат во Него да имаат славна иднина и да бидат ослободени од сите страдања.

**Ветувањето во Библијата, овозможено со Христовата смрт на крстот, важи и за вас: „И ќе ја избрише секоја солза од нивните очи, и смрт нема да има веќе, ни тага, ни плач, ниту болка, зашто првото помина“** *(Откровение 21,4).*




Порачајте на: (**071) 569 076,** (02) **20 30 777** или на:
*www.***znacinavremeto***.mk*